„Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, го започнуваше намазот со текбир, потоа рецитираше: „Ел-хамду лиллахи раббил-ʿалемин.“

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, го започнуваше намазот со текбир, потоа рецитираше: „Ел-хамду лиллахи раббил-ʿалемин.“ Кога правеше руку, не ја креваше главата нагоре, ниту ја наведнуваше надолу, туку држеше средина. Кога ќе ја кренеше главата од руку, не одеше веднаш на сеџда сè додека целосно не се исправеше стоејќи. А кога ќе ја кренеше главата од сеџда, не правеше повторна сеџда сè додека не седнеше исправено. На секои два реката изговараше „ет-Техијјат.“ Ја пружаше својата лева нога, а ја исправуваше десната. Го забрануваше „седнувањето на шејтанот“ и забрануваше човек да ги спушта своите раце на земја како sвер. И го завршуваше намазот со селам.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажала за намазот на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, дека тој го започнувал својот намаз со почетниот текбир, изговарајќи: „Аллаху екбер“ и го започнувал учењето со сурата „Ел-Фатиха“: „Ел-хамду лиллахи раббил-ʿалемин...“ Кога одел на руку после стоењето, не ја кревал главата ниту ја наведнувал, туку ја држел рамна и исправена. А кога ќе ја кренел главата од руку, целосно се исправувал стоејќи пред да отиде на сеџда. И кога ќе ја кренел главата од првата сеџда, не одел на втората сеџда сè додека не седнел исправено. Седнувал после секои два реката за тешехуд и изговарал: „Ет-техијјату лиллахи, вес-салавату, вет-тајјибат...“ А кога седел меѓу двете сеџди или на тешехуд, ја спуштал левата нога и седел врз неа, а десната нога ја исправувал. Забранувал клањачот да седи во намазот како што седи шејтанот – така што ги спушта двете стапала на земја и седи врз петите, или ги прилепува задникот за земја, ги исправува нозете и ги става рацете на земја како што се спушта куче, или клањачот да ги спушти и да ги рашири своите подлактици на земја при сеџда, како што тоа го прават sверовите. А намазот го завршувал со селам: „Ес-селаму алејкум ве рахметуллах“ – еднаш на десната страна и еднаш на левата.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/10906